Согласно ЗАКОН ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/13, 69/13, 104/13, 27/14, 42/14, 178/14,180/14, 51/15, 61/15, 129/15, 6/16, 106/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) и Одлуката донесена од страна на Управниот Одбор на Претпријатието бр.02-270/3 од 12.04.2023 год. ЈП "Стрежево" Битола со седиште на ул. Булевар 1-ви Мај бр. 77 Битола:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО" бр. 03-209/5 27.07.2023 год. БИТОЛА

О Б Ј А В У В А

ОБЈАВА бр. 01/2023 – прв пат

за издавање под закуп на објект ресторан Довлеџик

сопственост на ЈП "Стрежево" Битола

по пат на електронско јавно наддавање

ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на електронското јавно наддавање е давање под закуп на објект - ресторан Довлеџик, сопственост на ЈП "Стрежево" Битола, за период од 10 години, согласно табеларниот преглед во кој се дадени податоци за објектот, бр.на катастарска парцела и депозит за учество на јавното наддавање, површина на објект, месечна закупнина по $m^2$ и вкупна закупнина.

Табеларен преглед на податоци за давање под закуп на ресторан "Довлеџик" Битола, КП бр.5179/1, ИЛ 42640 за КО Битола 4 (согласно извршена процена од овластен проценител и утврдена фактичка состојба во која се наоѓа објектот):

| Реден број | Вкупно проценета пазарна вредност (денари) | Вкупна површина $м^2$ | Проценета вредност по $м^2$ (денари/ $м^2$) | Закупнина 0,5% од проценета вредност на $м^2$ (денари/ $м^2$) | Месечна закупнина (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(2:3) | 5(4x0,5%) | 6(3x5) |
| 1 | 10.521.974 | 2513 | 4.187 | 21 | 52.773 |

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество за јавното наддавање имаат сите домашни и странски правни и физички лица кои можат да имаат во закуп деловен простор на територијата на Република Северна Македонија.

УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните физички и правни лица поднесуваат пријава за учество на јавното наддавање, покрај електронската форма и во писмена форма до архивата на претпријатието комплетирана со следните документи:

1. Пријава за учество за јавното наддавање до нивното комисиско отворање се чуваат во архивата на претпријатието.
2. Пријавата треба да биде заверена и потпишана од одговорното лице на понудувачот. Заедно со другата документација се доставува во затворен плик со ознака "НЕ ОТВОРАЈ" и со назнака "за објава бр. 01/2023 - прв пат, за издавање под закуп на објект ресторан Довлеџик". Пријавата за учество на јавното наддавање треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата.
3. Понудувачот со пријавата да достави банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на деловниот простор кој се дава под закуп, односно на износ од 210.439,00 денари, со рок на важност од најмалку 6 месеци од денот на одржувањето на јавното наддавање. Со најповолниот понудувач се склучува договор по уплатата на средствата во висина на две закупнини утврдени според јавното наддавање и во рок од 15 дена му се враќа банкарската гаранција.На останатите понудувачи во рок од 15 дена од писменото известување за избор на најповолен понудувач му се враќа банкарската гаранција.

4. За физичките лица лична карта - фотокопија, потврда дали е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење професија,дејност или должност, потврда од казнена евиденција.
5. За правните лица:
   - потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
   - потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган ,
   - потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган,
   - потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност ,
   - потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност ,
   - потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност,
   - потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - привремена забрана за вршење одделна дејност,
   - потврда за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

6. E-mail адреса на подносителот на пријавата преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничко име и шифра за пристап на интернет страницата на која ќе се одвива електронското јавно наддавање (за подносителите на пријавите кои ќе достават погрешна е-маил адреса ЈП "Стрежево" нема обврска да врши корекција на истата).
7. Фотокопија од лична трансакциона сметка.

Пријавите кои не се комплетирани нема да учествуваат во електронското јавно наддавање за што подносителите ќе бидат известени.

ПОЧЕТНА ЦЕНА

Почетната цена на електронското јавно наддавање изнесува 21 денар од метар квадратен за месечна закупнина. Во цената не е вклучено ДДВ.

РОКОВИ

Пријавите за учество на јавното наддавање да се доставт до 11.08.2023 година во писмена форма преку архивата на претпријатието и во електронска форма.

Јавното наддавање ќе се одржи електронски на следната интернет страна www.deloven-prostor.mk.

Јавното наддавање ќе започне на 16.08.2023 год. во $11^{00}$ часот и ќе трае 10 минути.

ПОСТАПКА

1. За деловниот простор, кој е предмет на објавата на јавно наддавање, можат да се пријават за учество сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост или да имаат во закуп деловен простор на територија на Република Северна Македонија,согласно со закон и кои ги исполнуваат условите дадени во објавата.
2. Пријавата за учество на јавното наддавање се поднесува до архивата и по електронски пат и треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата за јавно наддавање.
3. Подносителите на пријави кои доставиле комплетни пријави за учество на јавното наддавање согласно со објавата, на денот на спроведување на јавното наддавање се регистрираат на интернет страницата наведена во објавата со корисничко име и шифрата за учество на јавното наддавање, по што имаат право на учество на јавното наддавање.
4. Јавното наддавање ќе се одржи доколку учесниците ги исполнуваат условите дадени во објавата. Јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадни во објавата и ја наддаде почетната цена.
5. Јавното наддавање започнува со објавување на почетна цена на месечна закупнина по метар квадратен за деловниот простор која изнесува 21 денар/м2 и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.Минималниот чекор на зголемување на вредноста по метар квадратен месечна закупнина на деловниот простор е 1 денар/м2.
6. Во првите пет минути од јавното надавање учесниците можат да ја прифатат, односно зголемуваат цената на деловниот простор. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на

времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.

7. Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.
8. За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за продажба, односно закуп на деловниот простор.
9. Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од денот на завршувањето на постапката за јавно наддавање е должен да уплати средства, во висина на две месечни закупнини утврдени според јавното наддавање, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана и на понудувачот ќе му се изрече забрана за учество во постапките за јавно наддавање за отуѓување или давање под закуп на деловни простории во период од една година од изрекувањето на забраната..
10. По завршувањето на постапката за јавно наддавање со најповолниот понудувач во рок од пет работни дена по извршената уплата на цената на деловниот простор, носителот на правото на сопственост на деловниот простор, односно носителот на правото на стопанисување или користење склучува договор за закуп на деловниот простор. На договорот за закуп на деловниот простор соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.
11. Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање, во рок од три дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата, која одлучува по приговорот, со решение во рок од пет дена од приемот на приговорот.
12. Против решението може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

НАЧИН НА ОГЛАСУВАЊЕ НА ОБЈАВА 01/2023 – прв пат

Давањето под закуп на деловниот простор се врши со електронско јавно наддавање на сајтот deloven-prostor.mk, а ќе биде објавено во два дневни весници на македонски јазик и еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик

Состојбата на објектот што се издава под закуп може да се види секој работен ден од 09 $^{00}$-10 $^{00}$ часот.

strezevo@t.mk

Лица за контакт:
Гоце Дамчевски тел. 047-207-813
Јулијана Пејовска тел.047-207-858
Валентина Нусева тел. 047-207-818
Марина Димитровска тел.047-207-856
Владимир Крстевски тел.047-207-839

Директор
Методија Граматковски д.е.и.

(ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СТРЕЖЕВО" Битола)